**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: **09-93/2**
23.04. 2024година
Скопје

# ООУ„Мирче Ацев“ - Ѓорче Петров, Скопје

| | |
|---|---|
| Извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 31.01. 01 и 02.2024 година |
| **Број на извештај:** | 3/Скопски/24 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Нада Николова |
| **Вид на училиштето:** | основно |
| **Основач на училиштето:** | општина Ѓорче Петров |
| **Наставен јазик:** | македонски јазик |
| **Број на ученици:** | 726 |
| **Полова структура на ученици:** | 380 машки и 346 женски |
| **Број на наставници:** | 54 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Верче Маневска Стефанова |
| **Директор на училиштето:** | Гордана Насковска |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | 2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | Ул.Мечкин Камен бр.2 Скопје www.oumirceacev.edu.mk |
| **Телефон:** | О2/2041-509 |
| **Факс:** | / |
| **e-mail:** | ou-mircheacev-gjorchepetrov@schools.mk |
| **оценка од интегрална евалуација** | Добар 3,06 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно члeновите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година).

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција од 31.01 до 02.02.2024 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ„Мирче Ацев“ општина Ѓорче Петров, Скопје.

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Мирче Ацев“ едобра[1]. 3,06**.**

Во училиштето, наставниот процес се реализира согласно наставните планови и програми изготвени од БРО и тоа од I-VI одделение по концепцијата а VII-IX по кембрич прогамите. НПП се реализираат во пропишан обем. Сите наставници ја планираат наставата по критериуми утврдени во програмите. Голем дел од наставниците планираат но мал дел од нив реализират диференцирани цели.

Училиштето го следи и дава подршка за подобрување на планирањата на наставниот процес.

Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми за децата со посебни образовни потреби и модифицирана програма и по потреба соработува со Основното училиште со ресурсен центар при нивната изработка.

При реализација на наставниот процес, поголем број наставници користат различни ресурси, како и современи приоди во наставата но недоволно се обезбедени паметни табли за реализација на наставата предвидено во концепцијата. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.Поголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваа сите ученици за време на наставните часови. На поголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците а изборот на применуваните методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Поголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат а наставниците обрнуваат внимание да ги поучат за она што не им е доволно јасно.

За време на часовите, поголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Поголем број од наставниците даваат коментари за активностите на ученикот и користат различни начини на мотивирање на учениците.

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување и има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања кои наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Поголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците. Поголем број од наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето

Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост.

Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. Соработува со училиштето- партнер и има примери на организирани заеднички наставни часови со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици.

Училиштето реализира голем број воннаставни активности во кои најголем број ученици се вклучени.

Постигањата на учениците се континуирани без значителни отстапки споредено меѓу крајниот успех во 3 учебни години и успех спореден со крајот на учебната година и на полугодие. Многу добро изготвените анализи се транспарентни, застапени во повеќе документи на училиштето и презентирани пред формалните органи во училиштето. Учениците добиваат соодветна подршка за подобрување на постигањата.

Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Има показатели на негодувања меѓу членовите во советот на родители како резултат на неупатеноста за улогата на советот.

Учениците сметаат дека нивните права се почитуваат, имаат еднаков третман и ги познаваат механизмите и процедурите во училиштето за нивна заштита. Ученичкиот парламент и ученичкиот правобранител имаа активна улога.

Училиштето води севкупна грижа за учениците во однос на превенција на врсничко и било каков облик на насилство, услови за престој на учениците, давање помош за избор за понатамошно школување, здравјето на учениците, хигиената и др.

УО работитранпарентно со воспоставен партнерски однос со директорот, советот на родителите и други структури во училиштето. При работата, не секогаш членовите на УО го почитуваат деловникот за работа во однос на конструктивно и соработливо однесување.Дел од членовите на училишниот одбор имаат потреба од запознавање на надлежностите и законските регулативи на Законот за основно образование, Статутот на училиштето и деловникот за работа на УО.

Директорот на училиштето успешно раководи со ресурсите на училиштето од секаков вид. Фокусот на работењето е подобрување на постигањата на учениците преку подобрување на услови во училиштето како ралиизирање на поголем број проекти и воннаставни активности.

Училиштето има договорни процедури за донесување училишни политики. Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата и има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма со предвидена остварлива динамика.

Самоевалуација, број 08-1200/1 од 29.11.2023 година изобилува со информации кои се темелат на конкретни извори и документи.
Програма за развој, број 01-194 од 26.02.2021 година се остварува со забавена утврдена динамика.
Годишна програма, број 02-651/3 од 13.07.2023 година е усвоена со Одлука од Совет на општина, број 08-1609 од 25.08.2023 година
Годишен извештај за работа на училиштето број 02-651/2 од 13.07.2023 година е усвоен на истата седница на општината.
Инклузивен тим на училиштето, е формиран со Одлука бр.08-1310/1 од 14.10.2013 година во кој работат 7 члена (директор, педагог, специјален едукатор-рехабилитатор, 2 одделенски наставници, 2 предметни наставници и 2 родители). За 7 ученици со ПОП работат 7 инклузивни тимовиза секој ученик посебно.
Тимот за меѓуетничка интеграција е формиран со Одлука бр.08-1319/2 од 20.10.2022 година.
Партнер училиште за МИО е ООУ„Бедри Таири“ Долно Свиларе, училиште со албанки наставен јазик со кое е потпишан Меморандум за соработка бр.03-1082/1 од 21.11.2019 година
Училишен спортски клуб, Мирче Ацев 2015, број на регистрација 7029489 од 2015 година.
Претседател на Училиштен парламент е Матеј Настевски а ученик правобранител е Марија Михаиловска
Тимот за меѓуетничка интеграција е формиран со Одлука бр.08-1319/2 од 20.10.2022 година.
Партнер училиште за МИО е ООУ„Бедри Таири“ Долно Свиларе, училиште со албанки наставен јазик со кое е потпишан Меморандум за соработка бр.03-1082/1 од 21.11.2019 година
Училишен спортски клуб, Мирче Ацев 2015, број на регистрација 7029489 од 2015 година.
Претседател на Училиштен парламент е Матеј Настевски а ученик правобранител е Марија Михаиловска

## Карактеристики на училиштето

Основното општинско училиште „Мирче Ацев“ е носител на основно образование. Училишната зграда, во којаиденес сеизведува настава била пуштена во употреба на 01.02.1968година. Наставата во оваазградазапочналавовторотополугодиевоучебната1967/1968година.Овојобјектемодере нифункционалениовозможувахоризонталнаивертикалнапроодностпоситенивоа.Се наоѓа во урбана средина во општина Ѓорче Петров, Скопје.

Училиштето е основано е со акт бр.2605 од 8.12.1955 година од Народниот фронт на Скопска околија, а верифицирано со Решение број 11-587 од 1986 година од Општински комитет за образование, култура и физичка култура. Училиштето е регистрирано во Централен регистар со акт бр. 30120230012451 од 04.10.2023 година, со даночен број: 03094942251881, матичен број: 4062868 и жиро сметка: 7780103420490315. Во училиштето се реализира настава во две смени, на македонски наставен јазик. Во учебната 2023/2024 година, запишани се вкупно 726 ученици распоредени во 30 паралелки од кои 10 паралелки во прvиот период (1 класична паралека и 9 паралелки со со продолжен престој), 10 паралелки во вториот период и 10 паралелки во третиот период.

Училишен објект е од тврда градба на 3 ката, со4253m2 во која има 18 училници, 9 кабинети, фискултурна сала, библиотека, читална, наставничка канцеларија, канцеларија за директор, 3 кабинети за стручна служба, 1 просторија за администрација, училишна кујна и училишна трпезарија,работилница, 8 помошни простории, 9 тоалети за ученици и тоалет за вработени. Училишниот двор е со површина од 10456m2 во кој спортските терени зафаќаат површина од 2294m2 а останатиот дел е училишен парк и паркинг простор.

Училиштето се загрева со сопствено парно греење на течно гориво.

Во училиштето, вработени се вкупно 69 лица. Воспитно - образовната работа ја реализираат вкупно 54 наставници, од кои 10 мажи и 44 жени,47 на неопределено и 7 на определено време. Најголемиот број наставници имаат работно искуство од 11 до 20 години. Нема наставници со звање наставник ментор. Стручната подготовка на наставниот кадар е во согласност со Нормативите за наставен кадар. 43 наставници имаат високо образование, 6 наставника имаат завршени магистерски студии и 5 наставника имаат вишо образование. Училиштето има стручна служба составена од педагог, психолог, специјален едукатор рехабилитатор и библиотекар. Административната служба е составена од двајца вработени, секретар - благајник и економ - домакин. Техничката служба е составена од 6 вработени лица - хигиеничари, 1 градинар/ложач, хаусмајстор и чувар.

Во училиштето има училишна библиотека која располага со 2864 лектирни изданија, 12806 книги по жанрови, 4651 учебници и 1173 литература на странски јазик.

Училиштето е опремено со 2 интерактивни табли, 5 смарт телевизори, 12 ЛЦД проектори, 20 лаптопи кои се употребуваат во настава , 13 персонални компјутери и др..

Статутот на училиштето бр.01-100/1 од 27.01.2020 година има решение за добивање согласност од МОН бр.Уп1 18-814 од 08.04.2020 година.

# 1.Планирање, настава и учење

## 1.1. Планирања на наставниците

Училиштето обезбедува обука на наставниците и стручните соработници за примена на современи методи и техники на планирање на наставата. Обучениот кадар врши дисеминација на останатите наставници и стручни соработници. Од страна на стручната служба и директорот на училиштето се следат планирањата на наставниците, има утврдени процедури за следење и давање поддршка за подобрување. Годишните и тематски планирања се разгледуваат и прибираат на почетокот на учебната година, а оперативните планови и сценаријата за час континуирано се следат во текот на годината и при посетите на часови од страна на директорот и стручните соработници. Тимот за меѓуетничка интеграција во образованието, обезбедува поддршка на наставниците за вградување на цели од образование за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост, во планирањата на наставниците. Исто така и Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на Индивидуалните образовни програми за децата со посебни образовни потреби и модифицирана програма и по потреба соработува со Основното училиште со ресурсен центар „Др.Златан Сремац“ при нивната изработка.Најмалку два пати во едно полугодие се следат планирањата на наставниците од директорот и од стручните соработници. Следењето се врши со употреба на интерни инструменти.

Наставниците разменуваат искуства за планирањата во рамки на стручните активи, во соработка со наставници од други училишта, со поддршка од стручните соработници и одговорниот советник од БРО. За изработка на планирањата, наставниците од одделенска настава дискутираат на стручните активи и најчесто заедно ги изработуваат, додека наставниците од предметна настава, своите планирања ги изработуваат индувидуално со размени на идеи во стручните активи. Планирањата кај поголем број од наставниците се подобрени како резултат на размената на искуства од регионална соработка со други училишта и др.

## 1.2. Наставен процес

Наставата во одделенска настава и по сите наставни предмети се реализира редовно и во пропишаниот обем. Во случаи на отсуства на наставник (породилно отсуство, боледување или сл.) наставта се одвива непречено со соодветен наставен кадар.

Изборните наставни предмети се во согласност со наставните планови и програми, Водичот за слободни изборни предмети во основното образование и со пропишаните процедури во училиштето во кои се содржани интересите на учениците.

Поголем број од наставниците, задачите и активностите ги приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. При тоа на поголем број од наставните часови се користат различни ресурси но недоволно се опремени со паметни табли за реализација на наставата предвидено со концепцијата. Наставниците најчесто користат современи приоди во наставата. За учениците со ПОП се користат методи и техники според нивните потреби.

Поголем број од наставници се однесуваат со учениците на начин што промовира прифаќање, почитување, соработка и разбирање. Поголемиот број наставници обезбедуваат еднакви можности за вклучување и ги вклучуваа сите ученици за време на наставните часови. На поголем број наставни часови постои интеракција меѓу наставникот и учениците. На поголем број наставни часови, изборот на применуваните

методи и техники овозможува интеракција помеѓу учениците. Поголем број од учениците сметаат дека можат слободно да се изразат за време на часовите.
Инклузивниот тим на училиштето е формиран со Решение бр.08-758/6 од 31.08.2023 година на директорот на училиштето. Инклузивниот тим обезбедува поддршка за изработка на ИОП по сите наставни предмети, согласно законската регулатива. Со учениците со посебни образовни потреби се реализира настава/воннаставни активности според ИОП. Училиштето активно соработува со надлежниот ресурсен центар за унапредување на наставата за учениците со попреченост. Наставниците и стручните соработници се обучени да планираат и реализираат настава со ученици со ПОП. Асистивната технологија со која располага училиштето е во функција на развојот на учениците со ПОП. Пристапот во училиштето, просторот во ходниците и во училниците, тоалетите се приспособени на потребите на учениците со физичка попреченост. Наставниците ги оценуваат постигањата на учениците со попреченост во согласност со целите во индивидуалниот образовен план, во соработка со инклузивниот тим на ученикот. Училиштето обезбедува услови за учество на учениците со посебни образовни потреби во воннаставни активности согласно нивните интереси. Учениците со попреченост кои имаат потреба од лична или образовна асистенција се идентификуваат навремено и се доставува барање за соодветна поддршка. Наставниот кадар успешно соработува со образовните асистенти со цел најдобар интерес на ученикот. Инклузивниот тим работи на професионалната ориентација за децата со посебни образовни потреби.
Тимот за училишна интеграција го спроведува акцискиот план за следење на реализацијата на активностите за МИО планирни во ГПРУ, проектните активности добиени преку грантови од МОН и други партнерски организации и за тоа подготвува квартални, полугодишни и годишни извештаи. ТУИ исто така се координира со Комисијата за МИО при локалната самоуправа за спроведување на општинските активности од Стратегијата за МИО и младински активизам. ТУИ ги пополнува анкетните прашалници за потребите на Комисијата за унапредување на МИО при МОН, а примерок од пополнетиот прашалник се архивира во портфолиото за МИО. Потпишан е Меморандум бр.03-31082/1 од 21.11.2019 година, за соработка со ООУ„Бедри Таири“ – Долно Свиларе, Општина Сарај. Има примери на организирани заеднички наставни часови со ученици кои наставата ја следат на различни наставни јазици, согласно Упатството за организација на заеднички наставни часови.

### 1.3. Искуства на учениците од учењето

Учениците и родителите го доживуваат училиштето како безбедна, стимулативна, инклузивна, интеркултурна и мотивирачка средина, што поттикнува интерес за учење. Учениците во училиштето имаат пристап до различни материјали за учење. Учениците сметаат дека начинот на кој се учи на поголем број од часовите во училиштето е интересен и содржините што им се пренесуваат ги оспособуваат за решавање проблеми во реалниот живот и за граѓанско учество. За време на часовите, поголем број од учениците се поттикнати самостојно и критички да мислат, да поставуваат прашања и да изведуваат заклучоци за она што го учат. Поголем број од наставниците даваат коментари за активностите на ученикот. Поголем брпј од наставниците користат различни начини на мотивирање на учениците.
Наставниот кадар и стручните соработници системски ги идентификуваат индивидуалните образовни потреби на учениците. Во процесот на учење преземаат

активности за задоволување на потребите и отстранување на пречките при учењето. Поголем број наставници, во соработка со стручните соработници, во процесот на поучување користат различни интерактивни техники, со што им даваат можност на учениците со различни образовни потреби да ги постигнат планираните цели.

### 1.4. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето применува однапред дефинирана политика за оценување. Училиштето има изградени критериуми за оценување, усогласени со националните стандарди за постигања. Усогласените критериуми, наставниците ги користат за оценување на учениците и со нив се запознаени учениците и родителите. Поголемиот број наставници применуваат формативно оценување. Формативното и сумативното оценување е јавно и транспарентно за учениците.

Поголем број од наставниците користат разновидни методи, форми и инструменти за оценување и континуирано го следат и го оценуваат напредокот на учениците. Учениците се вклучуваат во оценувањето (преку самооценување, меѓусебно оценување, градење критериуми, водење портфолија и сл.). Инструментите за оценување се унапредуваат во соработка со стручната служба.

Коефициентот на континуитет на успехот, во третиот период на образование од трите претходни последователни години, пресметан како однос на средниот успех на училиштето на полугодието и крајот на годината е поголем од 0,9.

Наставниците ги користат сите информации добиени од оценувањето за да ги подобрат планирањата и реализацијата на наставата. Поголем број од наставниците им даваат повратни информации на учениците за нивната работа, дискутираат со учениците за нивниот напредок и постигањата и по потреба ги вклучуваат во додатна или дополнителна настава.

### 1.5. Воннаставни активности и натпревари

Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците.

Учениците се вклучени барем во една воннаставна активност. Во училиштето, со учениците од третиот образовен период, се реализирани општествено-хуманитарни активности, во рамки на воннаставните активности.

Најголем број од учениците се запознаени со воннаставните активности кои се нудат во училиштето. Во училиштето се реализираат воннаставни активности предложени од учениците. Учениците се вклучуваат во воннаставните активности според сопствен избор, низ транспарентна процедура. Учениците се вклучени во подготвувањето на програмите за воннаставни активности.

Училиштето организира училишни натпревари за селекција на ученици за натпревари на повисоко ниво. Учениците, со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно (од акредитирани здруженија на наставници) или на меѓународно ниво, како и во други активности со натпреварувачки карактер.

# 2.Постигнувања на учениците

## 2.1.Постигнувања на учениците

Училиштето прибира, користи и анализира податоци за постигнувањата на учениците по сите наставни предмети, по пол, етничка припадност и за сите квалификациони периоди.Средните успеси немаат значајно отстапување и споредени последните три учебни години се движи од 4,50 до 4,64. Не се анализира преминот од еден во друг период на школувањето.Се вршат анализи и се споредуваат постигањата на крајот од полугодието и на крајот од учебната година за учениците од третиот период. Нема значајни отстапувања во однос на средниот успех по паралелки, бројот на одлични, многудобри и добри ученици како и средните успеси по предмети. Училиштето нема пракса на донесување акциски план со активности за подобрување на постигањата на учениците донесен од Училишен одбор.

Учеството и постигањата на вонаставните активности се евидентира.

Минатата учебна година, тестирани се ученици од четврто одделение по предметите математика и природни науки (ТИМС спроведено од БРО) но училиштето нема добиени резултатиод тестирањето.

Учениците со тешкотии во учењето, надарените ученици, како и на учениците со попреченост се идентификуваат согласно пропишани процедури кои стартуваат со уписот во прво одделение и следи континуирано следење на напредокот и подршка од наставниците и стручните соработници.

Најголем број од учениците добиваат континуирана поддршка за подобрување на постигањата.

Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Родителите/старателите добиваат информации за постигнувањата на учениците по секој квалификационен период на родителски средби, отворени родителски средби (информации со секој наставник индивидуално) и на приемни денови на наставници за средби со родители.Родителите имаат можност да се запознаат со постигањата на своето дете преку е-дневникот кој уредно се води.

## 2.2.Мерки за подобрување на постигањата

Училиштето системски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема активности. Просечниот број на неоправдани изостаноци на крај од учебната 2020/2021 е 0,87, во 2021/2022 е 1,11 и 2022/2023 е 0,41. Просечниот број неоправдани изостаноци помеѓу два извештајни периоди е помал од еден по ученик, а во најголемиот број паралелки просечниот број на изостаноци по ученик помеѓу два извештајни периоди е до два неоправдани изостаноци.

Училиштето редовно следи посетување на наставата од страна на ученици од ранливи категории. Тие ученици се редовни и немаат неоправдано изостанување.

Училиштето ги реализира советувањата на родителите и учениците, за што води уредна документација, ги известува надлежните институции, врши анализи на резултатите од советувањето и го следи подобрувањето на редовноста, успехот и однесувањето на учениците. Советувањата на родители придонесуваат за подобрување на постигнувањата на учениците.

Советувањата на учениците, во најголем број придонесуваат за подобрување на успехот, редовноста и однесувањето.

Голем број наставници користат методи, техники, стратегии во наставата за подобрување на постигањата на учениците. Во текот на годината, има промена во реализацијата на наставата за подобрување на постигањата. Во текот на целата учебна година, училиштето реализира дополнителна настава по сите задолжителни предмети

(освен изборните предмети и слободните изборни предмети) за кои учениците имаат тешкотии во учењето, како и диференцирана настава. Училиштето, на месечно ниво, изработува распоред за дополнителна настава и го истакнува на видно место во училиштето.

Училиштето прибира докази дека дополнителната и диференцираната настава придонедуваат кон подобрување на постигањата (следење на напредокот по квартални периоди, ученички портфолија, оценки од наставниците, изработки од учениците, тестови, проекти и др.).

# 3.Училишна клима и односи во училиштето

## 3.1 Училишна клима

Училиштето е препознатливо во локалната средина како училиште кое промовира високи постигнувања, дисциплина и редовност на учениците и соработува со локалната заедница. Училиштето спроведува голем број воннаставни активности во кои се вклучени најголем број ученици. Училиштето за афирмирање на воннаставните активности ги користи различните медиуми (веб страна, фејсбук, ученичко катче и сл.). Училиштето има изградено систем на промовирање на постигањата на учениците во рамките на училиштето и во локалната средина.

Наставничкиот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Има показатели на негодувања меѓу членовите во советот на родители како резултат на неупатеноста за улогата на советот.Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него. Училиштето е препознатливо како еко училиште.

## 3.2 Еднаквост и правичност

Во училиштето има ученички правобранител и истиот се грижи за заштита на прават на учениците. Истиот реализира активности за запознавање на учениците со нивните права од негова надлежност и правата во однос на заштита на децата (детските права). Вработените во училиштето ги почитуваат правата на децата. Училиштето организира (стручната служба со ученичкиот правобранител) одредени активности со дел од родителите за запознавање со правата на децата. Поголемиот број од анкетираните ученици сметаат дека нивните права се почитуваат.

Училиштето ги промовира еднкавноста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи. Учениците знаат да препознаат нееднаков третман и каде да се обратат. Училиштето навремено реагира по поплаките од учениците. Во училиштето не се вклучени претставници на маргинализирани ранливи групи.

Ситевработенивоучилиштетогизнаатигипочитуваатправатанаученикот.Училиштетосег рижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата.

Најголем број наставници правичноисопочитсеоднесуваатконситеученицинезависно од полот,етничката припадност,социјалнотопотеклои способностите.

Училиштетоги промовираеднаквостаиправичноста.Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијатанадругитеетничкизаедницивоРепублика СевернаМакедонија,безогледнакојаетничка група ѝприпаѓаат.

## 3.3 Партнерски однос со заедницата

Информациите што се однесуваат за работа на училиштето не се доволно детални или доволно јасни за сите родители. Училиштето ја прифаќа поддршката од родителите кои самоиницијативно сакаат да се вклучат во животот и работата на училиштето. Бројот на активностите не е мал што училиштето ги превзема за вклучување на родителите. Има пракса родителите да даваат идеи за подобрување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Мислењата и ставовите на родителите влијаат на донесување на одредени одлуки кои се однесуваат на училиштето, и кои вработените, наставници, стручна служба и директор се во можност да ги реализираат.

Училиштето е активно вклучено во животот на општината и урбаната заедница преку спроведување на одредени заеднички проекти, организирање и учество на настани од интерес на училиштето и заедницата, а согласно законските обврски.

### 3.4 Севкупна грижа за учениците

Училиштето има протокол во кој се дефинирани сите облици на насилство и начините на постапување. Протоколот е достапен за сите (вработени, ученици, родители). Вработените ја знаат својата улога и одговорност во процесот на заштита на детето. Во училиштето се постапува според протоколот за секој облик на насилство, манифестирано од било кого, и навремено се известуваат институциите (центарот за социјална работа, МВР, министерството за здравство и сл.). Децата жртви на насилство, родителите, сведоците на насилство се запознаени од страна на училиштето со права и процедури за поднесување на одредени приговори. Во таков случај училиштето постапува непристрасно. Училиштето континуирано работи со сите ученици кои се дел од врсничко насилство или кои би биле дел од врсничко насилство. Во училиштето во моментот на увид нема врсничко насилство

Во училишната зграда има истакнато на видни места знаци за забрана за пушење. Во училиштето нема истакнато знаци за конзумирање и внесување на алкохол, наркотични субстанци и сл. Во училиштето се реализираат активности за заштита од штетни влијанија од пушење, алкохол и наркотични средства.

Училиштето се грижи за квалитетот на храната што им е понудена на учениците. Во училиштето се реализираат предавања од областа на здрава исхрана.

Во моментот на увид тоалетите се чисти и дезинфицирани и ги задоволуваат законските прописи но учениците и родителите не се задоволни. Училиштето еднаш годишно врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација. Ходниците и скалите се чистат повеќе пати во денот. Инвентарот се чисти пред почетокот на секоја смена. Училиштето работи во две смени. Дворот е хортикултурно уреден. Училиштето има програма за превенција од заразни болести. Учениците и вработените редовно вршат систематски прегледи. Во училиштето има лица кои се сертифицирани за давање на прва помош. Советот на родители смета дека е потребно реновирање на дел од тоалетите.

Во училиштето има против пожарни апарати кои се редовно сервисирани (12). Хидрантите се функционални (има документ за извршено мерење). Во училиштето постои план за евакуација, истакнат на видно место, и еднаш годишно се врши симулација за напуштање на зградата при одредени опасности.

Училиштето (стручната служба, педагог, психолог, специјален едукатор и рахабилитатор) ги идентификува и обезбедува материјални средства за учениците од социјално загрозени семејства, соработува со родителите, со локалната заедница и други релевантни институции за помош и поддршка на истите социјално загрозени семејства.

Училиштето обезбедува реализација на настава за ученици што поради здравствени причини подолго време отсуствуваат од редовната настава.

Стручната служба во училиштето реагира во случај на емоционални тешкотии кај учениците. Стручните соработници се обучени да им помагаат на учениците со емоционални потешкотии, исто и на нивните родители. Истите, по потреба, ги упатуваат до релевантни институции. Стручната служба (психологот) во текот на неговите работни активности, спроведува социо-емоционално учење.

Училиштето навремено им обезбедува на учениците јасни и точни информации за можностите за продолжување на образованието. Училиштето редовно ги информира родителите и учениците преку пишани и усни соопштенија (Стручната служба, психологот реалзира работилници со цел едукација и подигнување на свеста, покрај редовните активности што ги реализираат наставниците при реализацијата на наставните планови и

програми). Училиштето дава помош на учениците и нивните родители за избор на средното образование (училиште).

# 4.Управување, раководење и креирање политики

## 4.1.Управување и раководење со училиштето

Училишниот одбор е конституиран согласно законската регулатива но со пропусти при избор на член од страна на советот на родители односно изборот не е извршен со тајно гласање. УО работитранпарентно со воспоставен партнерски однос со директорот, советот на родителите и други структури во училиштето. При работата, не секогаш членовите на УО го почитуваат деловникот за работа во однос на конструктивно и соработливо однесување.Дел од членовите на училишниот одбор имаат потреба од запознавање на надлежностите и законските регулативи на Законот за основно образование, Статутот на училиштето и деловникот за работа на УО.

Членовите на училишниот одбор ги разгледуваат и усвојуваат програмските документи на училиштето.

Училишниот одбор го следи трошењето на буџетот, со цел да има увид во потрошените финансиски средства.

Раководниот орган има јасна визија за развојот на училиштето со која се запознаени вработените и органите во училиштето. Работи тимски при процесот на градење политики, планирање и обезбедување квалитет. Прифаќа конструктивна критика а новините во образованието ги имплементира на ниво на училиште. Ги следи акциските планови за реализација на развојната програма и секоја година се вклучени во годишните извештаи. Воспоставува партнерства со непосредната локална средина, деловна средина и граѓанските организации. Директорот го вклучува училиштето во регионални и меѓународни училишни мрежи (Е-твининг, Еразмос, Глобе).

Директорот има јасен план и распоред за максимално користење на расположливите капацитети за изведување на наставата и вонннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.Училиштето планира и обезбедува потрошен материјал, но количество делумно ги задоволува потребите за реализација на наставните и вонннаставните активности.

Училишната библиотека располага со повеќе од пет книги по ученик, вклучувајќи ги и лектирните изданија. Библиотеката има читална, добро е уредена, располага со компјутер, има пристап до интернет и библиотечната евиденција се води во инвентарна книга (Училиштето има искуство на водење електронска евиденција преку КОБИС системот но со намалување на средства оваа пракса е укината). Во библиотеката се води евиденција за издадените и вратените книги преку картони. Библиотеката е отворена за користење од учениците и наставниците во текот на училишниот ден и работи согласно со распоредот за работното време на библиотекарот. Медијатеката е одвоена од библиотеката. Добро е уредена и најчесто се користи за додатна и дополнителна настава и за состаноци и спроведување на работилници

Училиштето има соодветен наставен кадар за реализација на сите наставни планови и програми, како и стручни соработници. Најчесто замените се од наставниот кадар во училиштето како механизми за замена на наставник и надополнување на наставата во случаи на краткорочно и долгорочно отсуство.

Програмата за професионален развој на наставниците и стручните соработници е изготвена врз основа на нивните лични развојни планови. Постои практика да се врши дисеминација на реализирани обуки. Училиштето организира и ги вклучува наставниот кадар и стручните соработници во интерни и екстерни обуки, согласно потребите на кадарот, образовните реформи и современтите образовни текови. Директорот ја почитува законската регулатива за професионален и кариерен развој на кадарот.

Наставниот кадар и стручните соработници имаат ажурирани професионални досиеја.

Училиштето има пропишана процедура за организација и реализација на приправничкиот стаж.

Директорот и стручните соработници, по претходно изготвен распоред, континуирано ја следат работата на наставниците. Секој наставник се следи на најмалку еден наставн час во текот на едно полугодие за што се дава повратна информација. За следењето на наставниот час директорот и стручните соработници користат подготвени чек-листи како подготовка за успешно следење на наставниот час.

## 4.2.Цели и креирање на училишната политика

Училиштето има договорни процедури за донесување училишни политики, во кои се вклучени вработените, учениците, училишните структури и останатите чинители. Училиштето ги подобрува политиките за унапредување на квалитетот за работење во училиштето.

Целите во развојната програма се конкретни, остварливи и ги отсликуваат предизвиците идентификувани од самоевалуацијата. При нивното поставување се вклученидиректорот, дел од наставниците, стручните соработници, училишниот одбор и претставниците од локалната заедница. Училиштето ги информира наставниците, советот на родителите за резултатите што треба да се постигнат и динамиката за реализирање.

Училиштето има акциски планови за постигнување на резултати од поставените цели. Училиштето има план за следење и евалуација на развојната програма, а за планираните цели предвидеа е остварлива динамика.

Директорот ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето и има изработено финансиски план за распределување на финансиските средства. Буџетските приоритети се тесно поврзани со приоритетите на образовните цели на училиштето. Буџетот е недоволен и се користи наменски и за цели што се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигнувањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина.

Финансискиот план е одобрен од Училишниот одбор иСоветот на општината.

# 5.Наоди и препораки

## 5.1.Силни страни

- Организирање на голем број воннаставни активности
- Поддршака на учениците со потешкотии во учењето
- Воспоставен добар однос,грижа и пристап на наставниците кон учениците
- Директорот и стручните соработници даваат поддршка во креирањето и реализирањето на образовната политика во сите структури на училиштето
- Многу добро изготвените анализи за постигањата на учениците се транспарентни, застапени во повеќе документи на училиштето и презентирани пред формалните органи во училиштето.

## 5.2.Слаби страни

- Учениците и родителите не се задоволни од хигиената во тоалетите
- Дел од членовите на УО не се запознаени во доволна мера со надлежностите кои ги имаат
- Советот на родители има избрано член во УО без спроведување постапка со тајно гласање
- Недоволна опременост со паметни табли за реализација на наставата, предвидено со концепцијата

## 5.3.Препораки

- Да се подобри хигиената во тоалетите
- Да се превзеат мерки и активности за запознавање на членовите на УО со надлежностите кои ги имаат
- Да се почитува Статутот во целос при избор на членови во УО
- Да се подобри опременоста со паметни табли за реализација на наставата, предвидено со концепцијата

| | |
|---|---|
| **Нада Николова**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Перо Арсеновски**, Инспектор | |
| **Христина Јовановска**, Инспектор | |